# Определување индекс на прекршување на светлината

Вера Зороска[1], Боце Митревски[2]

*[1]Друштво на физичари на Р. Македонија*
*[2]Универзитет „Св. Кирили и Методиј", Природно-математички факултет, Скопје, Р. Македонија*

**Апстракт.** Во месец јуни, неколку години по ред, се одржува летен едукативен камп по физика во Охрид. Во рамките на кампот се остваруваат неколку педагошко-психолошки и образовни цели: едукација (изучување на содржини од физика, решавање на проблеми и концептуални прашања, изведување на демонстрации и експерименти), натпревар (квиз), едукација пропратена со забава (физика на водата и физика на воздухот) како и социјални активности. Во овој труд е направена анализа на потребата од изведување на експерименти од темата оптика, некои примери на изведувани експерименти, начинот на кој се изведувани истите, резултати и анализа на резултатите. Воглавно, експериментите се поврзани со определување на индексот на прекршување на светлината.